Врз основа на член 39 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002год.) и член 33 од Деловникот на Советот на Општина Свети Николе ("Службен гласник на Општина Свети Николе" бр. 2/06), Претседателот на Советот на Општина Свети Николе на ден 08.06.2020 година донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за свикување на педесетивтората редовна седница на**
**Советот на Општина Свети Николе**

Педесетивтората редовна седница на Советот на Општина Свети Николе ќе се одржи на ден **12. 06. 2020 година (петок) со почеток во 11:00 часот во големата сала на Општина Свет**и Николе.

За седницата го предлагам следниот

**Д н е в е н р е д**

-Усвојување на Записник од педесеттата редовна седница на Советот на Општина Свети Николе одржана на ден 18.05. 2020 година;

-Усвојување на Записник од педесетипрвата итна седница на Советот на Општина Свети Николе одржана на ден 28.05. 2020 година;

**Точка 1**
Предлог – Одлука за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште за подрачјето на Општина Свети Николе во 2020 година;

**Точка 2**
Предлог – Одлука за измена на распоредот на средстваvта на Буџетот на Општина Свети Николе за 2020 година;

**Точка 3**
Предлог – Одлука за престанок и давање на трајно користење движни ствари на

ООУ "Кирил и Методиј" – Свети Николе;

**Точка 4**
Предлог – Одлука за набавка на ново лесно теренско возило марка Лада модел Нива;

**Точка 5**
Предлог – Одлука за давање согласност за трајно превземање на работник од Ј.О.У.Д.Г. ,,Рахилка Гонева,, Свети Николе во Детска Градинка ,,Димче Мирчев,, Велес;

**Точка 6**

Предлог – Одлука за утврдување на цена за висина за надоместок на услугите за период за кој јавната установа ДГ ,,Рахилка Гонева,, е затворена;

**Точка 7**

Предлог - Одлука за именување на член во Управниот одбор на ОУ Дом на културата „Крсте Мисирков„ Свети Николе од редот на вработените

**Точка 8**

Измена и дополнување на годишен план за вработување за 2021 година на Дом на култура „Крсте Мисирков„ Свети Николе;

**Бр. 0801 - 770**
**08.06.2020 година**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател,**
**Кире Алексов**